Македонија

# Убиството на 42-годишник во Тетово: Обвинителството и полицијата продолжуваат да собираат докази

Автор: Сенад Зилбехари | 25/11/2025 14:47

Share




## НАЈНОВИ ВЕСТИ


Свет | 25/11/2025 22:35
**Светот има нов најнаселен град**

Македонија | 25/11/2025 21:48
**Разговори во ВЛЕН, Башким Бакиу може да го замени Азир Алиу во Министерството за здравство**

Македонија | 25/11/2025 21:12
**Муцунски на средба со шефовите на дипломатиите на земјите членки на ЦЕИ во Белград: Проширувањето на ЕУ во фокусот**

Македонија | 25/11/2025 18:14
**Сиљановска-Давкова: Фемицидот е еден од најтешките општествени проблеми со коишто сме соочени**

Македонија | 25/11/2025 17:57
**ВИДЕО Нова радосна вест од Клиниката за детски болести: Медиан заѕвони на победничкото ѕвонче**


Сенад Зилбехари



**„Ова е областа каде што во текот на синоќешните часови беше пронајден починатиот 42-годишен А.Б. од Тетово. Се сомнева дека бил застрелан, а и денес продолжуваат истрагите во потрага по дополнителни траги", пренесува репортерот на ТВ21, Сенат Зилбехари.**

Телото на 42-годишниот маж било пронајдено од жители на селото во близина, кои забележале паркирано возило со починато лице во него. Веднаш на местото излегле надлежните служби, а според тетовското обвинителство, полицијата веќе добила насоки за целосно расчистување на случајот.



**–Извршен е увид на местото на настанот, дадени се насоки и наредби со цел откривање на сторителите, поради сомнение дека смртта е резултат на кривично дело. Дадена е наредба за обдукција, наредба за повлекување на возилото и други траги од местото на настанот кои ќе бидат предмет на вештачење, наредба за обезбедување снимки од безбедносни камери и други докази. Постапувањето е во тек согласно наредбите, велат од ОЈО Тетово.**




За починатиот, семејството претходниот ден пријавило дека е исчезнат.

Според информации на ТВ21, полицијата работи по две можни насоки за да ги идентификува сторителите.

Share










© Copyright - ТВ21